БИМ а.д. СВЕТИ НИКОЛЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 год.
На БИМ а.д. СВЕТИ НИКОЛЕ

____ 2023 год.
Св.Николе

Подносител
Генерален директор
Дипл.екк.Ѓорги Стојанов

ВОВЕД

БИМ а.д. Свети Николе е друштво за производство на битуменски хидроизолациони материјали и полимер модифициран битумен кој е наменет за производство на високо квалитетни асфалтни мешавини кои се користат како завршен слој на патиштата од повисок ранг.

Седиштето на Друштвото е лоцирано на ул. Железничка бр.164 Свети Николе.

БИМ а.д. Свети Николе 2022 год. ја заврши многу успешно остварувајки одличен позитивен финансиски резултат во работењето ,нето добивка од 49.650.783 илјада денари.

Во текот на работењето во целата годиа не следеа многу повеќе негативни околности во споредба со позитивните околности. Како изразито негативна околност во 2022 год. беше изразито осцилирање на цените на суровините во текот на целиот пресметковен период.

Абнормалното осцилирање на цените на суровините доста негативно се одразуваше на цените на готовите производи при што често пати бевме принудувани да вршиме чести корекции на цените на готовите производи. Тоа нешто има негативно влијание во односот со купувачите при што често пати се губи правиот партнерски однос со нив и се сведува на чиста трговија

Лоша беше состојбата и со битуменот на пазарот. Честиот недостиг на битумен во регионот поради затворање на рафинеријата во Босански Брод и ограниченото производство во рафинеријата во Панчево не пратеше како негативна околност во текот на целата година.Одливот на младата работна сила посебно на квалификуваната работан сила е негативност која не следеше во текот на целата година.

Политичката нестабилност, придонесува за нестабилност и недоволна одреденост и дефинираност на јавните институции што се одрази негативно на тековното работење и финансиската неликвидност во целото стопанство во замјата. Сето ова неповолно се одрази и на нашата компанија при продажбата на производи и сомневањата кај партнери дека тоа може да се наплати.

Меѓутоа и покрај многу други негативности сепак постоеја и некои позитивни околности како и особено значајниот ангажман на целокупниот персонал, посебно знаењето и умеењето на раководниот кадар придонесе компанијата да оствари одлични финансиски резултати. Добра околност во годината што е предмет на разгледување беше градежна експанзија што беше присутна во соседните земји посебно во Ребуплика Србија.

Оваа градежна експанзија во Србија ја искористивме (со нашето знаење умеење и упорност) да се наметнеме на пазарот во Србија со полимер модифициран бутумен. Така за прв пат после многу години успеавме да пласираме вкупно 2.948 тони ова е осбено значајно што станува збор за профитабилен производ кој покрај профитабилноста ги намалува и режиските трошоци на сите готови производи.

На домашниот пазар имаше изградба на автопатишта каде не дозволивме влез на полимер модифициран битумен од нашата конкуренција така во Република Македонија успеавме да пласираме вкупно 4.971 тони

Позитивна околност е што го проширивме и зголемивме извозот на нови производи во Хрватска, а успеавме по долги години да реализираме и во Бугарија, посебно зголемување имаме на пазарот во Босна и Херцеговина.

И понатаму останува како негативна околност внесувањето на втора класа на битуменски хидроизолациони материјали од цела Европа во нашата земја како и во земјите на нашите поголеми купувачи, пред се Косово и Србија.

Во БИМ а.д. Свети Николе посебно внимание се посветува на развојната програма, односно изнаоѓање на нови технологии и нови производи кои што ќе го следат трендот на пазарот и потребите во градежништвото.Што се однесува до изворите на средства за подобрување на техничко технолошкиот процес, користени се исклучиво сопствени средства без никакво користење на кредити или други форми од надворешни лица.БИМ а.д. Свети

Николе нема долгорочен долг и успешно се справува со проблемот со финансиска ликвидност и финансиска сигурност.

Во текот на 2022 год. БИМ а.д. Свети Николе нема склучено големи зделки и зделки со заинтересирани страни.

БИМ а.д. Свети Николе како и последните години наназад продолжува со успешната политика на распределба на добивката при што само дел од добивката го наменуваме за дивиденда а останатиот дел оди во акумулирана добивка и инвестиции со што овозможува компанијата да да има висок степен на финансиска сигурност и ликвидност што е многу редок случај во земјата меѓутоа многу битен елемент за идното успешно работење на компанијата.

Основната главнина на Друштвото се состои од акционерски капитал од 63.290.694 денари поделен на 10.155 акции од кои БИМ а.д. Свети Николе поседува 492 сопствена акција.

Финансиската состојба ја согледуваме преку остварениот вкупен приход, кој за 2022 година изнесува 682.519.001 ден.

Вкупниот приход со 108.59 % ги покрива вкупните трошоци, а останатиот дел останува на бруто добивката, односно на добивка пред оданочување и пред изготвување на даночниот биланс, и е со вредност од 53.990.799 ден.

По намалувањето за данокот на добивка со вредност од 4.340.016 ден. останува дека БИМ а.д. остварил нето добивка во вредност од 49.650.783 ден.

Исплатената бруто плата за 2022 година изнесува 36.680.409 ден.

Исплатената нето плата за 2022 година има вредност од 24.437.571 ден.

По основ на исплатената нето плата и просечниот број вработени, по часови работа, 64, добиена е просечната месечна нето плата во вредност од 31.8120 ден.

Членови на одбор на директори на БИМ а.д. ги имаат остварено следниве примања:

Извршен член на О.Д. Стојанов Ѓорги-Генерален директор, има примања во БИМ а.д. во денари:

-нето плата	1.141.754
-нето регрес за годишен одмор	25.000
-нето новогодишен надоместок	10.000
-нето надоместок за успешно водење на фирма	127.552

Неизвршен член на О.Д. Стојанов Стојанче-Претседател на О.Д. , има примања во БИМ а.д. во денари:

-нето надомест за член на О.Д.	468.000

Неизвршен член на О.Д. Тане Бошев , има примања во БИМ а.д. во денари:

-нето плата	976.308
-нето регрес за годишен одмор	25.000
-нето новогодишен надоместок	10.000
-нето надомест за член на О.Д.	108.000

-Примања во износ од 54.000 денари во нето износ вработен на дополнително 2 часа во дооел Автоматски Ситеми Свети Николе со дејност поправка на електрична опрема

Неизвршен член на О.Д. Слободан Ивановски , има примања во БИМ а.д. во денари:

-нето плата	689.240
-нето регрес за годишен одмор	25.000
-нето новогодишен надоместок	10.000
-нето надомест за член на О.Д.	108.000

Неизвршен член на О.Д. Васка Костовска , има примања во БИМ а.д. во денари:

-нето плата	585.073
-нето регрес за годишен одмор	25.000
-нето новогодишен надоместок	10.000
-нето надомест за член на О.Д.	108.000

ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Состојбата на БИМ а.д. во изминатата 2022 година се согледува и преку пресметаните показатели за оценките на бонитетот кои се дадени со следните параметри:

ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ

Степен на финансиска стабилност

Степенот на финансиската стабилност пресметан како однос на капиталот и вкупната пасива изнесува:

-за 2013 година..... 91,72 %
-за 2014 година..... 95,10 %
-за 2015 година..... 96,61 %
-за 2016 година..... 97,20 %
-за 2017 година..... 96.23 %
-за 2018 година..... 98,88 %
-за 2019 година..... 98,38 %
-за 2020 година..... 97,95 %
-за 2021 година..... 97,69 %
-за 2022 година..... 95,43 %

Показателот за финансиската стабилност од 95,43 % на ден 31.12.2022 година укажува на тоа дека финансиската стабилност на крајот од годината задоволува, финансиски сме стабилни бидејќи капиталот во вкупната пасива, во вкупните извори на средства, има големо учество , т.е. учество со прилично голем процент.

Степен на самофинансирање

Степенот на самофинансирањето пресметан како однос на капитал плус долгорочните резервирања и материјални и нематеријални средства плус залихите изнесува:

-за 2013 година.....119,11 %
-за 2014 година.....138,27 %

-за 2015 година.....162.67 %
-за 2016 година.....179,46 %
-за 2017 година.....178,92 %
-за 2018 година.....201,07 %
-за 2019 година.....184,53 %
-за 2020 година.....234,86 %
-за 2021 година.....250,18 %
-за 2022 година.....208,08%

Показателот од 208.08% % укажува на тоа дека степенот на самофинансирање задоволува бидејки изворите на средствата се поголеми од материјалните средства плус залихите.

Степен на кредитна способност

Степенот на кредитна способност пресметан како однос на капиталот плус долгорочните резервирања плус долгорочните обврски и нетековни средства изнесува:

-за 2013 година.....345,12 %
-за 2014 година.....368,35 %
-за 2015 година.....391,60 %
-за 2016 година.....483,46 %
-за 2017 година.....602,02 %
-за 2018 година.....696,88 %
-за 2019 година.....749.41 %
-за 2020 година.....934.38 %
-за 2021 година.....1.173,10 %
-за 2022 година.....906,15 %

Показателот од 906,15 % укажува на тоа дека на 31.12.2022 год. сме биле добро кредитно способни, бидејки изворите на средствата се поголеми од постојаните средства.

Степен на задолженост

Степенот на задолженост пресметан како однос на вкупните обврски и трајниот капитал изнесува:

-за 2013 година.....8,92 %
-за 2014 година.....4,88 %
-за 2015 година.....3,33 %
-за 2016 година.....2,55 %
-за 2017 година.....1,58 %
-за 2018 година.....0,97 %
-за 2019 година.....0,01 %
-за 2020 година.....0,02 %
-за 2021 година.....0,01 %
-за 2022 година.....0,04 %

Степенот на задолженост на 31.12.2022 година задоволува бидејки обврските се помали од изворите на средствата и тоа помали со доста голем процент.

Степенот на задолженост го согледуваме и преку односот на побарувањата од купувачите и вкупните обврски спрема добавувачите и тој изнесува:

-за 2013 година.....168,56 %
-за 2014 година.....289,10 %
-за 2015 година.....274,85 %
-за 2016 година.....474,89 %
-за 2017 година.....1.010.64 %
-за 2018 година.....2.148,50 %
-за 2019 година.....1.271.49 %
-за 2020 година.....834.54 %
-за 2021 година.....933,78%
-за 2022 година.....444,00%

Показателот од 444,00 % укажува на тоа дека на 31.12.2022 година задолженоста задоволува бидејќи побарувањата се поголеми од обврските.

Л И К В И Д Н О С Т

Тековна ликвидност

Тековната ливкидност како однос на тековни средства минус залихите и краткорочните обврски на 31.12.2022 година изнесува и тоа:

-за 2013 година.....267,87 %
-за 2014 година.....640,63 %
-за 2015 година.....1220,48 %
-за 2016 година.....1803,06 %
-за 2017 година.....3.020,30 %
-за 2018 година.....5.310,68 %
-за 2019 година.....3.520.62 %
-за 2020 година.....3.306.68 %
-за 2021 година.....3.707,27 %
-за 2022 година.....1.288,32 %

Тековната ликвидност искажана со показател од 1.288,32 % укажува на тоа дека таа задоволува бидејќи обртните средства не само што ги покриват краткорочните обврски туку се и поголеми .

Општа ликвидност

Општата ликвидност пресметана како однос на вкупните тековни средства и краткорочните обврски на 31.12.2022 година изнесува и тоа:

-за 2013 година.....897,00 %
-за 2014 година.....1.593,99 %
-за 2015 година.....2.416,18 %
-за 2016 година.....3.226,63 %
-за 2017 година.....5.492,22 %
-за 2018 година.....8.969,79 %
-за 2019 година.....6.552.14 %
-за 2020 година.....5.077.79 %

-за 2021 година.....5.579,80 %
-за 2022 година.....2.129,46 %

Од претходните показатели за ликвидноста воопшто заклучуваме дека задоволува повеќе години и тоа со високо ниво.

П Р О Д У К Т И В Н О С Т

Продуктивноста посматрана како однос на вкупно остварениот обем на производство и просечниот број вработени по часови на работа изнесува:

-за 2022 година.....272,68 тони

Е К О Н О М И Ч Н О С Т

Економичноста пресметана како однос на вкупниот приход и вкупните трошоци изнесува и тоа:

-за 2013 година .....107,60 %
-за 2014 година.....101,55 %
-за 2015 година.....113,00 %
-за 2016 година.....118,33 %
-за 2017 година.....116,53 %
-за 2018 година.....111,41 %
-за 2019 година.....106.40 %
-за 2020 година.....112.60 %
-за 2021 година.....110,81 %
-за 2022 година.....108,59 %

Показателот од 108.59% укажува на тоа дека економичноста како индикатор за успешност во работењето задоволува бидејќи се остварил поголем приход по основ на направени трошоци.

Р Е Н Т А Б И Л Н О С Т

Рентабилноста претставува степен на користење на средствата со кои сме располагале и таа пресметана како однос на бруто добивката и деловните средства (активата) изнесува и тоа:

-за 2013 година .....8,24 %
-за 2014 година.....1,36 %
-за 2015 година.....11,90 %
-за 2016 година.....15,89 %
-за 2017 година.....15,04 %
-за 2018 година.....14,28 %
-за 2019 година.....6.50 %
-за 2020 година.....11.73 %
-за 2021 година.....11,40 %
-за 2022 година.....10,66 %

Показателот од 10,66 % укажува на поголем степен на рентабилност, односно користење на расположивите деловни средства со што е добиена и бруто добивка.

ОБРТ НА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Обртот на обртни средства пресметан како однос на вкупниот приход и тековните средства изнесува и тоа:

-за 2013 година .....1,59 обрти
-за 2014 година.....1.20 обрти
-за 2015 година.....1,32 обрти
-за 2016 година.....1,28 обрти
-за 2017 година.....1,26 обрти
-за 2018 година.....1,62 обрти
-за 2019 година.....1,25 обрти
-за 2020 година.....1,17 обрти
-за 2021 година.....1,27 обрти
-за 2022 година.....1,50 обрти

Показателот за обртни средства од 1,50 обрти укажува на тоа дека имало можности да се профитира , што се потврдува и со остварената добивка.

ПРОФИТНА СТАПКА

Профитната стапка пресметана како однос на нето добивката и капиталот изнесува и тоа:

-за 2013 година .....8,90 %
-за 2014 година.....1,26 %
-за 2015 година.....10,80 %
-за 2016 година.....14,90 %
-за 2017 година.....13,90 %
-за 2018 година.....13,07 %
-за 2019 година.....6,00 %
-за 2020 година.....10,56 %
-за 2021 година.....10.50 %
-за 2022 година.....10.27 %

Профитната стапка за 2022 година од 10.27 % укажува на профитабилност што се потврдува и со остварената добивка.

Претходно дадените параметри кои воедно ја даваат оценката за бонитетот на фирмата, укажуваат на добро и успешно работење, остварен е вкупен приход кој ги покрива вкупните трошоци и остварува добивка.

Генерален директор
Дипл.екк Ѓорги Стојанов